## НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИ 2023 – 2025
## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ – „АНТИЦИГАНИЗАМ“

| | |
|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ:**<br>**Елиминација на формите на манифестација на „антициганизмот“ и намалување на дискриминацијата врз Ромите** | **ИНДИКАТОР: Процент на Роми кои се соочиле со дискриминација**<br>**Појдовна основа: 20% од Ромите се соочиле со дискриминација во Северна Македонија во текот на 2021, Фундаментална агенција за човекови права – ФРА,**<br>**Таргет: До 2030, намалување на 10% на Роми кои се соочиле со некаков вид на дискриминација** |

| | |
|---|---|
| **КОНКРЕТНА ЦЕЛ 1:**<br>**Препознавање на концептот на антициганизам во јавните политики и домашното законодавство** | **ИНДИКАТОР: Препознавање на антициганизмот како кривично дело во казнениот закон до 2030** |
| **МЕРКА**:<br>1. Операционализирање на дефиницијата на „антициганизам“ на сите нивоа на јавните институции;<br>2.Едукација на државните службеници, наставниците, судството, социјалните работници и другите службеници за да го идентификуваат антициганизмот со цел ефективно да се спречи и да се спротивставуваат на истиот.<br>3.Промена на законска регулатива за препознавање на антициганизмот како кривично дело | **ИНДИКАТОР**:<br>1.Број на јавни институции каде што терминот антициганизам е препознаен и операционализиран<br>2.Број на обучени лица разделени по сектори и институции<br>3.Променета законска регулатива (кривичен закон, говор на омраза, закон за дискриминација) |

| **АКТИВНОСТ** | **НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА** | **РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ** | **БУЏЕТ** |
|---|---|---|---|
| 1.1 Во Кодексот за административни службеници да се вметне дефиниција и забрана на антициганизам<br>1.2 Вработување на лице од ромската заедница во Секретаријатот за законодавство при изработка на предлог | Министерство за информатичко општество и администрација | 2024 - 2025 | Вкупно 1.842.000,00<br>Генерален Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| законски и подзаконски решенија кој ќе работи на рано препознавање на антициганизам | | | |
| 2.1 Агенцијата за администрација преку Министерство за информатичко општество да спроведува обуки на државните службеници за сузбивање на антициганизам во рамки на модулот за недискриминација<br>2.1.1 Министерството за информатичко општество и администрација да подготви дигитален е-модул за сузбивање на антициганизам за јавни службеници<br>2.2. Академијата за судии и јавни обвинители да креираат модули за дискриминација и антициганизам при обука на новите судии и јавни обвинители<br>2.3 Комисија за спречување и заштита од дискриминација да креираат дигитални модули за недискриминација и антициганизам за пошироката јавност<br>2.4. Бирото за развој на образованието да креираат модули за антидискриминација и антициганизам и обучуваат наставниците<br>2.5 Да се вметне антициганизмот во обуките за медиумска писменост кое ги спроведува Министерство за образование и наука преку Бирото за развој на образованието<br>2.6 Завод за социјални дејности да подготви модул за сузбивање на антициганизам за социјални работници<br>2.7 Подготовка на модул и спроведување обука за сузбивање на антициганизам за полицајците<br>2.8 Советот за етика во медиумите подготви модул за сузбивање на антициганизам за новинарите<br>2.9 Обука на новинари – Македонска радио телевизија и здруженијата на новинари за препознавање на концептот на антициганизам во медиумите и анализи на медиумите за нивното известување поврзано со Роми и да спроведуваат тренинзи и обуки за антициганизмот. | 2.1 Министерство за информатичко општество и администрација<br><br>2.1.1 Министерство за информатичко општество и администрација<br><br>2.2 Академијата за судии и јавни обвинители<br>2.3 Комисија за заштита од дискриминација<br><br>2.4 Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование<br>2.5 Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование | 2023 - 2025 | 2.1.1 Министерство за информатичко општество и администрација, Организација за безбедност и соработка во Европа – 610.000 МКД<br><br>2.2 Холандска амбасада, Агенција на САД за меѓународен развој – 610.000 МКД<br><br>2.4 Министерство за образование и наука, Ромски Образовен Фонд - 610.000 МКД<br><br>2.5 Министерство за образование и наука, Ромски Образовен Фонд - 610.000 МКД<br><br>2.6 Агенција на САД за меѓународен развој, Европска Делегација, Совет на Европа - 610.000 МКД<br><br>2.7 Министерство за внатрешни работи, Организација за безбедност и соработка во Европа - 610.000 МКД<br><br>2.8 Ромалитико, Агенција на САД за меѓународен развој, - 610.000 МКД<br><br>2.9 Влада на Република Северна Македонија, Агенција на САД за меѓународен развој, Европска делегација – 1.000.000 МКД |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2.6 Завод за социјални дејности<br><br>2.7 Министерство за внатрешни работи/ Центар за обука во Идризово<br><br>2.8 Совет за етика во медиуми<br>2.9 Македонска радио телевизија, Национално Координативно Тело за координација на стратегијата за Роми | | |
| 3.1 Анализа на тековната законска регулатива и предлог законско решение за внесување на терминот „антициганизам“ во кривичниот законик и/ или други поврзани закони<br>3.2 Организирање на широк консултативен процес со сите правни засегнати страни (во врска со 3.1) | Министерство за правда | 2023 - 2025 | 3.1 Ромалитико, Млади правници Роми, , правни експерти - 610.000 МКД<br>3.2 Влада на Република Северна Македонија, Министерство за правда, Национално Координативно Тело за координација на стратегијата за Роми, правни експерти – 1.220.000 МКД |
| | | **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2023-2025** | **8.942.000,000** |

| | |
|---|---|
| **КОНКРЕТНА ЦЕЛ 2:** | **ИНДИКАТОР: Воспоставена структура за елиминација на антициганизмот** |

<table>
<tr><td colspan="4">Подобрување на институционалната и политичката рамка за препознавање и преземање корективни мерки</td></tr>
<tr><td colspan="2">МЕРКА:<br>1. Формирање на експертски работни групи за антициганизам кои даваат предлози и препораки до креаторите на политиките;<br>2. Поттикнување и поддршка на националните институции за човекови права, телата за еднаквост и народниот правобранител во собирањето на податоци и известување за случаите на антициганизам;<br>3. Собирање на дисегрегирани податоци за говорот на омраза и злосторствата од омраза извршени со антиромски мотиви, вклучително и меѓу секторски податоци, за да се овозможи анализа на трендовите.</td><td colspan="2">ИНДИКАТОР:<br>1.Број на предлози генерирани и прифатени од креаторите на јавни политики<br>2.Број на препораки прифатени од креаторите на јавни политики за јавност со случаи на антициганизам<br>3.Кумулативен број на случаи на антициганизам разделени по форма на манифестација поднесени од сите засегнати страни кои прибираат податоци.</td></tr>
<tr><td>АКТИВНОСТ</td><td>НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА</td><td>РОК</td><td>БУЏЕТ</td></tr>
<tr><td>1.1 Формирање експертска работна група во рамки на Комисијата за превенција и заштита од дискриминација со вклучување и експерти за антициганизам<br>1.2 Формирање на работен тим за спроведување на национален акциски план за антициганизам при Министерството за правда (вработување на 3 Роми)<br>1.3 Експертска работна група подготвува 4 документи годишно со препораки и предлози до креаторите на јавни политики<br>1.4 Подготовка на годишен извештај за антициганизмот во Република Северна Македонија</td><td>1.1 Комисија за превенција и заштита од дискриминација<br>1.2 Министерство за правда<br>1.3 Комисија за заштита од дискриминација<br>1.4 Комисија за спречување и заштита од дискриминација</td><td>2023-2025</td><td>1.1 Влада на Република Северна Македонија, Ромалитико, Агенција на САД за меѓународен развој - 864.000 МКД<br><br>1.2 Министерство за правда – 7.084.800 МКД<br><br>1.3 Ромалитико, Агенција на САД за меѓународен развој – 305.000 МКД<br><br>1.4 Ромалитико, Агенција на САД за меѓународен развој - 305.000 МКД</td></tr>
<tr><td>2.1 Подготовка на дигитална платформа за поднесување на случаи на антициганизам каде што ќе бидат публикувани сите ресурси кои ќе произлезат од работата на експертската работна група</td><td>2.1 Комисија за спречување и заштита од дискриминација</td><td>2023-2025</td><td>2.1 Ромалитико, Агенција на САД за меѓународен развој – 610.000 МКД</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.2 Редовни соопштенија за специфични случаи на антициганизам особено за судски случаи и политички говор на омраза | 2.2 Комисија за спречување и заштита од дискриминација | | 2.2 Ромалитико, Агенција на САД за меѓународен развој – 305.000 МКД |
| 3.1 Собирање на податоци преку системот на Комисијата за заштита од дискриминација и подготовка на годишни извештаи<br>3.2 Собирање на податоци преку судскиот систем од дискриминација и подготвување на годишни извештаи<br>3.3 Собирање податоци и подготвување на годишни извештаи | 3.1 Комисија за спречување и заштита од дискриминација<br>3.2 Комисија за спречување и заштита од дискриминација<br>3.3 Совет за етика во медиумите | 2023-2025 | 3. Ромалитико, Европска делегација – 122.000 МКД |
| | | **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2023-2025** | **9.595.800,00 МКД** |

| | |
|---|---|
| **КОНКРЕТНА ЦЕЛ 3:**<br>**Поддршка на жртвите од дискриминација и пристап до правда** | **ИНДИКАТОР: Обезбедување на бесплатна правна помош во процесирање на случаевите за дискриминација** |
| **МЕРКА**:<br>1.Обезбедување на поддршка и помош при поднесување жалби за злосторства од омраза, говор на омраза, прекршоци, дискриминација и пристап до правдата;<br>2. Воспоставување и/или поддршка на програми и/или иницијативи за поддршка на жртвите на злосторства, говор, и дискриминација на основа на „антициганизам“<br>3.Следење на случаите во судскиот систем каде што Ромите се жалат на етничка, расна основа и било која друга основа | **ИНДИКАТОР**:<br>1.Број на корисници на бесплатна правна помош<br>2.Број на решени случаи на корисници на бесплатна правна помош<br>3.Број на подготвени програми за поддршка на жртвите од злосторства од антициганизам, говор на омраза, и дискриминација<br>4.Број на следени судски случаи во врска со антиганизам |

| **АКТИВНОСТ** | **НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА** | **РОК** | **БУЏЕТ** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.1 Обезбедување на бесплатна правна помош за поднесување жалби за злосторства од омраза, говор на омраза, прекршоци, дискриминација и пристап до правдата<br>1.2 Обезбедување на бесплатна правна помош при поднесување жалби за злосторства од омраза, говор на омраза, прекршоци, дискриминација и пристап до правдата<br>1.3 Обезбедување на бесплатна правна помош при поднесување жалби за злосторства од омраза, говор на омраза, прекршоци, дискриминација и пристап до правдата | 1.1 Министерство за правда/ Центри за бесплатна правна помош<br><br>1.2 Народен правобранител/ подрачни единици<br><br>1.3 Ромалитико/ локални канцеларии | 2023-2025 | 1.1 Министерство за правда – нема финансиски импликации<br><br>1.2 Народен правобранител – нема финансиски импликации<br><br>1.3 Ромалитико – 6.912.000 МКД |
| 2.1 Идентификација на потребите за подготовка на програми и/или иницијативи за поддршка на жртвите од злосторства, говор, и дискриминација на основа на „антициганизам“ | 2.1 Министерство за транспорт и врски и Министерство за внатрешни работи | 2023-2025 | 2.1 Министерство за транспорт и врски и Министерство за внатрешни работи – 310.000 МКД |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2023-2025** | | | **7.222.000,00 МКД** |

| | |
|---|---|
| **КОНКРЕТНА ЦЕЛ 4**:<br>**Спречување на институционална дискриминација што ја доживеале Ромите** | **ИНДИКАТОР**: **Намален број на случаи на Роми кои се соочиле со институционална дискриминација (присилно иселување, сегрегација, полициска бруталност и сл.)** |
| **МЕРКА**:<br>1.Обезбедување на алтернативно сместување во случаеви на присилно иселување на Ромите<br>2.Почитување на принципот на реонизација и утврдување на систем на казни за родителите кои ги запишуваат децата во училиште спротивно од принципот на реонизација | **ИНДИКАТОР** :<br>1.Број на присилно иселени Роми<br>2.Број на присилно иселени Роми сместени во адекватно алтернативно домување<br>3.Број на училишта во кои има сегрегација, вклучително сегрегирани паралелки (според усвоената Методологија за дефинирање на сегрегација) |

| | |
|---|---|
| 3.Обезбедување на правна помош на жртви кои пријавиле полициска бруталност | 4.Број на корисници на бесплатна правна помош за случаи на полициска бруталност<br>5.Број на решени случаи на корисници на бесплатна правна помош за полициска бруталност<br>6.Број на следени судски случаи во врска со полициска бруталност |

| **АКТИВНОСТ** | **НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА** | **РОК** | **БУЏЕТ** |
|---|---|---|---|
| 1.1 Креирање на систем за поддршка на лица кои имаат зголемена ранливост од присилно иселување преку изградбата на типски живеалишта<br><br>1.2 При изградба на згради за колективно домување приоритет да се даде на лицата кои присилно се иселени<br><br>1.3 Прилагодување на државни напуштени објекти за привремено домување на присилно иселени ромски семејства<br><br>1.4 Организирање ад-хок состаноци за случај на присилно иселување за разгледување на случаи и изнаоѓање на решенија за адекватно алтернативно домување (поврзано со претходно наведените активности 1.1. до 1.3 и можностите на делот за социјално домување од новиот Закон за домување)<br>2.1 Измени на членот 63 од Законот за основно образование во кој се регулира реонизацијата на учениците во основните училишта, како и предвидување казнени одредби за училишта кои ја почитуваат реонизацијата<br>2.2 Дефинирање на Методологија за препознавање на сегрегација на децата Роми во образованието | 1.1 Министерство за транспорт и врски, Министерство за труд и социјална политика, Единици на локална самоуправа, Центар за социјални работи Експертска работна група за антициганизам, Владина комисија за станбени и иселенички прашања, Контакт точка за спроведувањето на Националната стратегија за Роми<br><br>2.1 Министерство за образование и наука, Контакт | 2023-2025 | 1.1 Нема финансиски импликации (изградбата на типски куќи е предвидена со Националниот акциски план за домување)<br><br>Вкупен буџет 24.600.000 МКД<br>1.3 Влада на Република Северна Македонија , Европска делегација<br><br>2.1 Влада на Република Северна Македонија , Министерство за образование и наука - 610.000 МКД<br><br>2.2 Министерство за образование и наука - 122.000 МКД<br><br>2.3 Министерство за образование и наука – нема финансиски импликации |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.3 Спроведување контрола на примената на реонизацијата во основните училишта во насока за спречување сегрегација на ромските училишта, како и добивање навремени информации од образовни медијатори | точка за спроведувањето на Националната стратегија за Роми<br><br>2.2 Министерство за образование и наука, Експертска работна група за антициганизам<br><br>2.3 Државен просветен инспекторат | | |
| 1.1 Пристап до бесплатна правна помош при пријавување на случаи на полициска бруталност<br>1.2 Обезбедување на бесплатна правна помош, поддршка при пријавување и процесирање на случаи на полициска бруталност<br>1.3 Обезбедување на бесплатна правна помош при пријавување и процесирање на случаи на полициска бруталност со можност за вклучување на Европскиот центар за правата на Ромите и други релевантни организации<br>1.4 Следење и постапување по пријави за пречекорување на овластувањата од страна на полициските службеници | 1.1 Министерство за правда/ Центри за бесплатна правна<br><br>1.2 Народен правобранител/ подрачни единици<br>1.3 Ромалитико/ локалните канцеларии<br>1.4 Министерство за внатрешни работи / Сектор за внатрешна контрола | 2023-2025 | 1.1 Министерство за правда – нема финансиски импликации<br><br>1.2 Народен правобранител – нема финансиски импликации<br><br>1.3 Ромалитико – нема финансиски импликации<br><br>1.4 Министерство за внатрешни работи – нема финансиски импликации |
| | | **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2023-2025** | **25.332.000,00 МКД** |

| | |
|---|---|
| **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА АНТИЦИГАНИЗАМ 2023-2025** | **51.091.800,00 МКД** |